## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 48 од Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 67/92, 20/03, 46/04 и 19/07), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАСЦИТЕ НА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ И ВИЗИ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ЗА НАЧИНОТ НА ФОТОГРАФИРАЊЕ ЗА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ И ЗА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА

Член 1

Во насловот на Правилникот за обрасците на патните исправи и визи на државјаните на Република Македонија, за начинот на фотографирање за патните исправи и за водење на евиденција („Службен весник на Република Македонија” бр. 2/93, 54/93 и 73/04) и во член 1 по зборот „фотографирање”, се додаваат зборовите: „и земање на потпис”.

Член 2

Членот 2 се менува и гласи :

„Образецот за пасошот е со големина 8,8 x 12,5 см и содржи две корици, почетна страница, страница со податоци и 32 нумерирани внатрешни страници.(Прилози бр. 1 и 2).

Кориците на пасошот се изработени од посебен материјал и имаат темно црвена боја. Надворешната страна на предната корица на пасошот го содржи грбот на Република Македонија, симболот на електронски пасош и натписите „Република Македонија” и „Пасош” отпечатени на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски и француски јазик. Внатрешната страна на предната корица содржи орнамент со знамето на Република Македонија и рубрика со препораки за внимателна употреба. Внатрешната страна на задната корица содржи сериски број на пасошот кој е ласерски перфориран и орнамент со рајски птици.

Почетната страницата содржи орнамент со грбот на Република Македонија и натписите „Република Македонија” и „Пасош” отпечатени на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски и француски јазик.

Страницата со податоци е изработена од повеќеслоен поликарбонат со инкорпорирани заштитни елементи и содржи бесконтактен чип. На површината на поликарбонатот се изгравирани границите на Република Македонија. На страницата со податоци постои машински читлив дел, во кој се пополнуваат податоци согласно стандардите за машински читливи документи. На горниот дел од страницата испишан е натписот „Република Македонија”, а под него „Пасош”, „Вид”, „Код” и „Бр. на пасош”, на македонски и неговото кирилско писмо и на англиски и француски јазик. Во горниот десен агол од страницата се наоѓа апликација со рајски птици отпечатена со оптички вариајбилно мастило кое се прелева во две бои. На левиот дел од страницата е определено место за фотографија со димензии 35 x 45 мм. Во долниот десен агол на фотографијата се наоѓа кинеграм со мотив од рајски птици. Страницата со податоци ги содржи и следните рубрики испишани на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски и француски јазик: „Презиме”, „Име”, „Државјанство”, „Датум на раѓање”, „МБ”, „Пол”, „Место на раѓање”, „Датум на издавање”, „Издаден од”, „Важи до” и „Своерачен потпис”.

Нумерираните внатрешни страници на пасошот се изработени од хартија со заштитни елементи и содржат орнамент со знамето на Република Македонија во пастелни бои и сериски број на пасошот испишан со арапски броеви и водечка буква кој е ласерски перфориран. Нумерираната внатрешната страница број 1 на пасошот содржи рубрика

„Живеалиште и адреса" испишана на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски и француски јазик, бар код и дел резервиран за органот кој го издава пасошот (издавач).

Нумерираната внатрешна страница број 2 го содржи натписот „Содржина" испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски и француски јазик, а под него се наведени рубриките од страницата со податоци и нумерираната внатрешната страница број 1. Нумерираните внатрешни страници од број 3 до број 32 го содржат натписот „Визи" испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски и француски јазик, а нумерираната внатрешна страница број 32 содржи и рубрика со препораки и известувања.

Натписите „Република Македонија" и „Пасош" на предната страна на корицата на пасошот што се печати на службен јазик различен од македонскиот јазик и сите други податоци во пасошот што се печати на службен јазик различен од македонскиот јазик, се отпечатени на македонски јазик и неговото кирилско писмо, на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот, на англиски и на француски јазик."

Член 3

По членот 2 се додаваат четири нови члена 2-а, 2-б, 2-в и 2-г кои гласат:

„Член 2-а

Во образецот на пасошот, на страницата со податоци, се врши ласерско гравирање на црно-бела фотографија на лицето на кое му се издава пасошот со димензии 35 x 45 мм. и ласерско гравирање на сите други податоци на таа страница.

Член 2-б

При поднесување на барањето за издавање на пасош од граѓанинот се земаат биометриски податоци – фотографија, отпечатоци од два прста, како и своерачен потпис во дигитална форма.

Фотографијата со димензии 35 x 45 мм, се прибавува со фотографирање на лицето при поднесување на барањето за издавање на пасош, при што истата е идентична и одговара на изгледот на подносителот на барањето. Фотографијата се пренесува и чува во електронска база на податоци.

Подносителот на барањето, согласно ICAO стандардот, се фотографира од лице (ан фас), со неутрален и јасен израз и без било каква покривка на лицето, на обична позадина во светла боја, без присуство на други лица или предмети. Доколку лицето носи очила, истите не може да ги покриваат очите и да покажуваат одблесок на светлина. При фотографирањето, лицето не треба да носи покривка на главата (капа, шамија и сл.), освен во одредени случаи, кои се однесуват на посебни околности утврдени од страна на органот кој го издава пасошот (религиозни, медицински или културни).

При поднесување на барањето за издавање на пасош од подносителот се земаат отпечатоци од двата показалци од двете раце. Доколку на подносителот на барањето му недостасува некој од овие два прста се зема отпечаток од следниот прст од дланката и тоа се констатира во рубрика „забелешки" во службените евиденции. Доколку подносителот на барањето нема една рака, отпечаток се зема од показалецот на другата рака. Доколку подносителот нема две раце службеното лице ја констатира состојбата со службена белешка и со евидентирање во службената евиденција.

При поднесување на барањето за издавање на пасош лицето своерачно се потпишува како на самото барање така и на електронско перниче за потпишување. Потписот земен на електронското перниче се пренесува и чува во електронска база на податоци.

Доколку подносителот на барањето е неписмен, службеното лице ја констатира состојбата со службена белешка и со евидентирање во службената евиденција, а во пасошот на местото

резервирано за потпис го става знакот: „X X X". Знакот: „X X X" се става на местото резервирано за потпис во пасошот и во сите останати случаи кога не се зема потпис при поднесување на барањето за пасош.

При поднесување на барањето за издавање на пасош од малолетни лица до 12 годишна возраст не се врши земање на отпечатоци од прсти и дигитален потпис.

Член 2-в

Образецот за заеднички пасош е со големина 8,8 x 12,5 см. и содржи 32 нумерирани страници.(Прилог бр.3).

Заедничкиот пасош е изработен од специјална хартија со вградени заштитни елементи, а кориците се пластифицирани и имаат темно сина боја.

На предната страна на корицата на заедничкиот пасош натписите „Република Македонија" и „Заеднички пасош" се отпечатени на македонски и англиски јазик.

Натписите од став 3 на овој член на првата страна на заедничкиот пасош се отпечатени и на француски и германски јазик, а сите други податоци во заедничкиот пасош се отпечатени на македонски, англиски и француски јазик.

Член 2-г

Образецот за патен лист е со големина 8,8 x 12,5 см. и содржи четири нумерирани страници (Прилог бр. 4 и 5).

Патниот лист е изработен од цврста хартија и нема корици.

На првата страница на патниот лист, натписите „Република Македонија" и „Патен лист" се отпечатени на македонски и англиски јазик. Натписот „Патен лист" на втората страница на патниот лист и сите останати податоци во патниот лист се отпечатени на македонски, англиски и француски јазик.

Во патниот лист што се печати на службен јазик различен од македонскиот јазик, натписите „Република Македонија" и „Патен лист" на првата страница од патниот лист се отпечатени на македонски јазик и неговото кирилско писмо, на службениот јазик и писмо што го употребува граѓанинот и на англиски јазик. Натписот „Патен лист" на втората страница на патниот лист и сите останати податоци во патниот лист што се печати на службен јазик различен од македонскиот јазик се отпечатени на македонски јазик и неговото кирилско писмо, на службениот јазик и писмо што го употребува граѓанинот, англиски и француски јазик."

Член 4

Во членот 3 се додава нов став 2 кој гласи:

„Податоците во образецот на визата се отпечатени на македонски, англиски и француски јазик."

Член 5

Членот 4 се менува и гласи:

„Образецот на барањето за издавање на пасош е со димензии на А4 формат и е изработен во бела боја (Прилози бр. 7, 8, 9 и 10).

Образецот на барањето за издавање на заеднички пасош, патен лист и за издавање виза е со големина 10,5 x 16 см и е изработен во бела боја (Прилози бр. 11 и 12) и во сина боја (Прилози бр. 13 и 14)."

Член 6

Членот 5 се брише.

Член 7

Во член 6 , зборовите „патна исправа" се заменуваат со зборовите „заеднички пасош, патен лист".

Член 8

Во член 7, ставот 2 се брише.

Член 9

Членот 9 се менува и гласи:

„Подносителот на барањето за издавање на заеднички пасош, патен лист и за издавање виза, образецот на патниот лист, односно образецот на визата го потпишуваат на означеното место за своерачен потпис".

Член 10

Членот 11 се менува и гласи:

„На заедничкиот пасош се лепат фотографии на водичот (под реден број 1) и на сите други лица внесени во пасошот, а на патниот лист се лепи фотографија на лицето на кое му се издава патниот лист. Фотографијата може да биде во боја или црно-бела техника, а фотографирањето се изведува согласно член 2-б, став 3 на овој правилник".

Член 11

Членот 12 се брише.

Член 12

Во членот 13 ставовите 1 и 3 се бришат.

Член 13

Членот 14 се брише.

Член 14

Членот 15 се менува и гласи:

„Запишувањето на податоците во образецот на заедничкиот пасош се врши со машина за пишување со специјална намена".

Член 15

Во членот 16 бројот „10" се заменува со бројот „14".

Член 16

Членот 23 се менува и гласи:

„Картотеката на издадените патни исправи и визи се состои од картотека на издадени пасоши и картотека на издадени заеднички пасоши, патни листови и визи. Картотеката на издадени пасоши се состои од барања за издавање на пасош и се води по евидентен број на барањата. Картотеката на издадени заеднички пасоши, патни листови и визи се состои од барања за издавање на заеднички пасош, патен лист и за издавање визи кои се водат по азбучен ред."

Член 17

Прилозите број 1, 2, 7, 8, 9 и 10 се заменуваат со нови прилози број 1, 2, 7, 8, 9, 10, кои се составен дел на овој правилник.

Прилозите број 11, 12, 13 и 14 се составен дел на овој правилник.

Член 18

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 1 април 2007 година.

Бр. 13.1-21717/1
27 март 2007 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.

ПРИЛОГ: 1












ПРИЛОГ: 2


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË
REPUBLIC OF MACEDONIA
REPUBLIQUE DE MACEDOINE
ПАСОШ
PASAPORTË
PASSPORT
PASSEPORT


SPECIMEN
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË
REPUBLIC OF MACEDONIA
REPUBLIQUE DE MACEDOINE
ПАСОШ
PASAPORTË
PASSPORT
PASSEPORT


Specimen
N° 000936
SPECIMEN


СОДРЖИНА / CONTENT / CONTENU
1. Surname / Nom
2. Име / Name / Prénoms
3. Nationality / Nationalité
4. Датум на раѓање / Date of birth / Date de naissance
5. Personal number / N° d'immatriculation
6. Sex / Sexe
7. Место на раѓање / Place of birth / Lieu de naissance
11. Holder's signature / Signature du titulaire
12. Permanent residence / Domicile
SPECIMEN
SPECIMEN


SPECIMEN
SPECIMEN

ПРИЛОГ: 7

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНСКИЕДОНИЈА

До: Подрачна единица на МВР
______________________________

Пополнува службено лице
Такса______________________
Вредност___________________

## БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПАСОШ

Причина за барање (да се заокружи еден од основите)

* прв пат

* редовна замена поради изминат рок

* дупликат пасош (поради губење, кражба или исчезнивање)

* предвремена замена (поради оштетеност, пополнетост, промена на лични податоци и др)

* барање на пасош со ограничен рок на важење

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСТЕЛОТ НА ДОКУМЕНТОТ:**

-ПРЕЗИМЕ 1.македонски јазик______________________________

2.еден од наведените јазици и писмо______________________________

-ИМЕ 1.македонски јазик______________________________

2.еден од наведените јазици и писмо______________________________

-ДАТУМ НА РАЃАЊЕ ______________________________

-МЕСТО НА РАЃАЊЕ, лице родено во странство ја запишув и државата______________________________

______________________________

-МАТИЧЕН БРОЈ ______________________________

-ПОЛ______________________________

-ЖИВЕАЛИШТЕ И АДРЕСА ______________________________

-ДРЖАВЈАНСТВО ______________________________

-КОНТАКТ ТЕЛЕФОН ______________________________

-СОГЛАСНОСТ ОД РОДИТЕЛИТЕ-СТАРАТЕЛОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПАСОШ ЗА МАЛОЛЕТНО ЛИЦЕ

| | Презиме | Име | МБ | Сродство | Потпис |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |

**-БАРАМ МОЕТО ЛИЧНО ИМЕ ВО ПАСОШОТ ДА БИДЕ ИСПИШАНО И НА:**

- турски јазик,
- влашки јазик,
- српски јазик,
- ромски јазик,
- бошњачки јазик

(да се заокружи еден од наведените јазици и писмо)

**БАРАМ ПАСОШОТ ДА БИДЕ ИЗГОТВЕН ВО** (да се заокружи по потреба)
1. РЕДОВНА ПОСТАПКА
2. ИТНА ПОСТАПКА

Дата и подрачна единица
на МВР на поднесување
______________________________
______________________________
Потпис на подносителот
______________________________

Потпис на слжбеното лице
што го примило барањето
______________________________

ПРИЛОГ: 8

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

MINISTRIA E PUNËVE TË BRENDSHME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

До: Подрачна единица на МВР / Njësia rajonale e MPB-së
_______________/_______________

Пополнува службено лице/ Plotëson personi zyrtarë
Такса/Taksa_______________
Вредност/ Vlera_______________

## БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПАСОШ / KËRKESË PËR DHËNIE TË PASAPORTËS

**Причина за барање** (да се заокружи еден од основите) / **Arsyeja për kërkesë** (të rrethohet njëra nga arsyet)

* **прв пат / për herë të parë**
* **редовна замена поради изминат рок / ndërrim i rregullt për shkak të afatit të kaluar**
* **дупликат пасош (поради губење, кражба или исчезнување) / pasaportë duplikate (për shkak të humbjes, vjedhjes ose zhdukjes)**
* **предвремена замена (поради оштетеност, пополнетост, промена на лични податоци и др) / ndërrim i parakohshëm (për shkak të dëmtimit,mbushjes, ndryshim i të dhënave personale etj.)**
* **барање на пасош со ограничен рок на важење/ kërkesë për pasaportë me afat të kufizuar të vlefshmërisë**

ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ДОКУМЕНТОТ / TË DHËNA PËR PARASHTRUESIN E DOKUMENTIT

-ПРЕЗИМЕ / MBIEMRI
1.македонски јазик/gjuhë maqedone_______________
2.албански јазик/gjuhë shqipe_______________

-ИМЕ /EMRI
1. македонски јазик/gjuhë maqedone _______________
2. албански јазик/gjuhë shqipe _______________

-ДАТУМ НА РАЃАЊЕ / DATA E LINDJES_______________

-МЕСТО НА РАЃАЊЕ / VENDI I LINDJES,
лице родено во странство ја запишува и државата / personi i lindur në vend të huaj e shkruan edhe shtetin
1. македонски јазик/gjuhë maqedone _______________
2. албански јазик/gjuhë shqipe/_______________

-МАТИЧЕН БРОЈ/ NUMRI AMZË _______________

-ПОЛ /GJINIA________/_______________

-ЖИВЕАЛИШТЕ И АДРЕСА / VENDBANIMI DHE ADRESA
1.македонски јазик / gjuhë maqedone _______________
2 албански јазик / gjuhë shqipe _______________

-ДРЖАВЈАНСТВО / SHTETËSIA _______________

-КОНТАКТ ТЕЛЕФОН / TELEFONI KONTAKTUES_______________

-СОГЛАСНОСТ ОД РОДИТЕЛИТЕ-СТАРАТЕЛОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПАСОШ ЗА МАЛОЛЕТНО ЛИЦЕ /
-PËLQIM NGA PRINDËRIT –TUTORI, PËR LËSHIM TË PASAPORTËS PËR PERSON TË MOSHËS SË MITUR

| | Презиме/Mbiemri | Име/Emri | МБ/Nr.Amzës | Сродство/Farefisnia | Потпис/Nënshkrimi |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |

**Барам пасошот да биде изготвен во (да се заокружи по потреба)**
**Kërkoj që pasaporta të jetë gati në(të rrethohet sipas nevojës)**
1. РЕДОВНА ПОСТАПКА / PROCEDURË TË RREGULLT
2. ИТНА ПОСТАПКА / PROCEDURË URGJENTE

Дата на поднесување и подрачна единица на МВР
Data e parashtrimit dhe njësia rajonale e MPB-së
_______________

Потпис на подносителот / Nënshkrimi i parashtruesit
_______________

Потпис на слжбеното лице што го примило барањето/ Nënshkrimi i personit zyrtarë që e ka pranuar kërkesën
_______________

ПРИЛОГ 9

**ПРЕКУ ДКП НА РМ во** ________________________

**ДО: МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**До: Подрачна единица на МВР**
____________________________

**Пополнува службено лице**
**Такса**____________________
**Вредност**__________________

## БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПАСОШ

**Причина за барање (да се заокружи еден од основите)**

* прв пат
* редовна замена поради изминат рок
* дупликат пасош (поради губење, кражба или исчезнување)
* предвремена замена (поради оштетеност, пополнетост, промена на лични податоци и др)
* барање на пасош со ограничен рок на важење

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСТЕЛОТ НА ДОКУМЕНТОТ:**

-ПРЕЗИМЕ 1.македонски јазик________________________________
2.еден од наведените јазици и писмо________________________

-ИМЕ 1.македонски јазик________________________________
2.еден од наведените јазици и писмо________________________

-ДАТУМ НА РАЃАЊЕ ________ ________________________

-МЕСТО НА РАЃАЊЕ, лице родено во странство ја запишув и државата________________
________________________________________________

-МАТИЧЕН БРОЈ ________________________________

-ПОЛ________________________________________

-ЖИВЕАЛИШТЕ И АДРЕСА во Р Македонија______________________

-ЖИВЕАЛИШТЕ И АДРЕСА во странство ____ ______________________

-ДРЖАВЈАНСТВО ____________ ______________________

-КОНТАКТ ТЕЛЕФОН ______________________

-СОГЛАСНОСТ ОД РОДИТЕЛИТЕ-СТАРАТЕЛОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПАСОШ ЗА МАЛОЛЕТНО ЛИЦЕ

| | Презиме | Име | МБ | Сродство | Потпис |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |

**-БАРАМ МОЕТО ЛИЧНО ИМЕ ВО ПАСОШОТ ДА БИДЕ ИСПИШАНО И НА:**

- турски јазик,
- влашки јазик,
- српски јазик,
- ромски јазик,
- бошњачки јазик

(да се заокружи еден од наведените јазици и писмо)

**БАРАМ ПАСОШОТ ДА БИДЕ ИЗГОТВЕН ВО** (да се заокружи по потреба)
1. РЕДОВНА ПОСТАПКА
2. ИТНА ПОСТАПКА

Дата и место
на поднесување
____________________

____________________
Потпис на подносителот
____________________

Потпис на слжбеното лице
што го примило барањето
____________________

2. ИТНА ПОСТАПКА / PROCEDURË URGJENTE

Дата и место на поднесување
Data dhe vendi i parashtrimit
барањето/ ________________________________

Потпис на подносителот / Nënshkrimi i parashtruesit
________________________________

Потпис на слжбеното лице
што го примило
Nënshkrimi i personit zyrtarë
që e ka pranuar kërkesën
____________________

ПРИЛОГ: 10

**ПРЕКУ ДКП НА РМ во/ PËRMES PDK të RM-së** ____________________

**ДО: МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** **MINISTRIA E PUNËVE TË BRENDSHME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**

**До: Подрачна единица на МВР / Njësia rajonale e MPB-së**
____________________/____________________

Пополнува службено лице/ Plotëson personi zyrtarë
Такса/Taksa____________
Вредност/ Vlera____________

## БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПАСОШ / KËRKESË PËR DHËNIE TË PASAPORTËS

**Причина за барање** (да се заокружи еден од основите) / **Arsyeja për kërkesë** (të rrethohet njëra nga arsyet)

* прв пат / për herë të parë
* редовна замена поради изминат рок / ndërrim i rregullt për shkak të afatit të kaluar
* дупликат пасош (поради губење, кражба или исчезнување) /
pasaportë duplikate (për shkak të humbjes, vjedhjes ose zhdukjes)
* предвремена замена (поради оштетеност, пополнетост, промена на лични податоци и др) /
ndërrim i parakohshëm (për shkak të dëmtimit,mbushjes, ndryshim i të dhënave personale etj.)
* барање на пасош со ограничен рок на важење/
kërkesë për pasaportë me afat të kufizuar të vlefshmërisë

ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ДОКУМЕНТОТ / TË DHËNA PËR PARASHTRUESIN E DOKUMENTIT

-ПРЕЗИМЕ / MBIEMRI
1.македонски јазик/gjuhë maqedone____________________
2.албански јазик/gjuhë shqipe____________________

-ИМЕ /EMRI
1. македонски јазик/gjuhë maqedone ____________________
2. албански јазик/gjuhë shqipe ____________________

-ДАТУМ НА РАЃАЊЕ / DATA E LINDJES____________________

-МЕСТО НА РАЃАЊЕ / VENDI I LINDJES,
лице родено во странство ја запишува и државата / personi i lindur në vend të huaj e shkruan edhe shtetin
1. македонски јазик/gjuhë maqedone ____________________
2. албански јазик/gjuhë shqipe/____________________

-МАТИЧЕН БРОЈ/ NUMRI AMZË ____________________

-ПОЛ /GJINIA________/____________________

-ЖИВЕАЛИШТЕ И АДРЕСА во РМ / VENDBANIMI DHE ADRESA në RM
1.македонски јазик / gjuhë maqedone ____________________
2 албански јазик / gjuhë shqipe ____________________

-ЖИВЕАЛИШТЕ И АДРЕСА ВО СТРАНСТВО/ VENDBANIMI DHE ADRESA NË VEND TË HUAJ
1.македонски јазик / gjuhë maqedone ____________________
2 албански јазик / gjuhë shqipe ____________________

-ДРЖАВЈАНСТВО / SHTETËSIA ____________________

-КОНТАКТ ТЕЛЕФОН / TELEFONI KONTAKTUES____________________

-СОГЛАСНОСТ ОД РОДИТЕЛИТЕ-СТАРАТЕЛОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПАСОШ ЗА МАЛОЛЕТНО ЛИЦЕ /
-PËLQIM NGA PRINDËRIT –TUTORI, PËR DHËNIE TË PASAPORTËS PËR PERSON TË MOSHËS SË MITUR

Презиме/Mbiemri Име/Emri МБ/Nr. Amzë Сродство/Farefisnia Потпис/Nënshkrimi
1.____________________
2.____________________

**Барам пасошот да биде изготвен во (да се заокружи по потреба)**
**Kërkoj që pasaporta të jetë gati në (të rrethohet sipas nevojës)**
1. РЕДОВНА ПОСТАПКА / PROCEDURË TË RREGULLT

ПРИЛОГ: 11

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАДЛЕЖНА ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА НА МВР____________________

**БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ПАСОШ, ПАТЕН ЛИСТ И ЗА ИЗДАВАЊЕ ВИЗА**

Фотографија

| Примено: | | | |
|---|---|---|---|
| Број | Вредност | Такса | Прилог |
| | | | |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Презиме | |
| 2 | Име | |
| 3 | Ден, месец и година на раѓање | |
| 4 | Место на раѓање, општина (лице родено во странство ја запишува и државата) | |
| 5 | Матичен број | |
| 6 | Пол | |
| 7 | Државјанство | |
| 8 | Живеалиште, адреса на станот и број на личната карта | |
| 9 | Вид на патната исправа и држава во која патува (ако бара виза) | |
| 10 | Согласност од родителите-старателот за издавање на патна исправа и за издавање на виза за малолетно лице | |

| Презиме | Име | Сродство | Потпис |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |

______________200__год.
во ____________________

(Потпис на подносителот на барањето)

ПРИЛОГ: 11

11. ПОПОЛНУВА СЛУЖБЕНОТО ЛИЦЕ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на патна исправа | | Виза | |
| Сериски број на патната исправа | | Број на визата | |
| Датум на издавање | | Датум на издавање | |
| Важи до | | Важи до | |

(Потпис на службеното лице што ја врачило патната исправа)

(Потпис на службеното лице што го решило барањето)

(Дата на врачувањето)

(Потпис на примателот на патната исправа)

МЕСТО ЗА ТАКСА

Напомена:
Образецот се пополнува читливо, за точноста на податоците одговара подносителот
Секоја злоупотреба на образецот е казнива.

ПРИЛОГ: 12

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАДЛЕЖНА ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА НА МВР____________________
MINISTRISË SË PUNËVE TË BRENDSHME TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
NJËSI KOMPETENTE ORGANIZATIVE E MPB-së____________________

**БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ПАСОШ, ПАТЕН ЛИСТ И ЗА ИЗДАВАЊЕ ВИЗА**
**KËRKESË PËR DHËNIE TË PASAPORTËS SË PËRBASHKËT, FLETË UDHËTIMI DHE PËR DHËNIE TË VIZËS**

Фотографија
Fotografia

| Примено: / Pranuar: | | | |
|---|---|---|---|
| Број/ Numri | Вредност/ Vlera | Такса/ Taksa | Прилог Shtojcë |
| | | | |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Презиме / Mbiemri | |
| 2 | Име / Emri | |
| 3 | Ден, месец и година на раѓање / Dita, muaji dhe viti i lindjes | |
| 4 | Место на раѓање, општина (лице родено во странство ја запишува и државата) Vendlindja dhe komuna (për të lindurit jashtë shtetit edhe shteti) | |
| 5 | Матичен број / Numri i amzës | |
| 6 | Пол / Gjinia | |
| 7 | Државјанство / Shtetësia | |
| 8 | Живеалиште, адреса на станот и број на личната карта / Vendbanimi, adresa e banesës dhe numri i letërnjoftimit | |
| 9 | Вид на патната исправа и држава во која патува (ако бара виза) / Lloji i dokumentit të udhëtimit dhe shteti në të cilin udhëton (nëse kërkon vizë) | |
| 10 | Согласност од родителите-старателот за издавање на патна исправа и за издавање на виза за малолетно лице Pëlqim nga prindërit-kujdestari për dhënien e pasaportës si dhe dhënien e vizës për personal e mitur | |

| Презиме / Mbiemri | Име/ Emri | Сродство / Farefisi | Потпис/ Nënshkrimi |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |

Дата/Data ____________ 200 ___
Во/Në ____________________

(Потпис на подносителот на барањето)
(Nënshkrimi i parashtruesit të kërkesës)

ПРИЛОГ: 12

11. ПОПОЛНУВА СЛУЖБЕНОТО ЛИЦЕ
E PLOTËSON PËRSONI ZYRTAR

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на патна исправа / Lloji i dokumentit të udhëtimit | | Виза / Viza | |
| Сериски број на патната исправа / Numri serik i dokumentit te udhëtimit | | Број на визата / Numri i vizës | |
| Датум на издавање / Data e dhënies | | Датум на издавање / Data e dhënies | |
| Важи до/ Vlen deri më | | Важи до/ Vlen deri më | |

(Потпис на службеното лице што ја врачило патната исправа)/
(Nënshkrimi i personit zyrtar që e ka dorëzuar dokumentin e udhëtimit

(Потпис на службеното лице што го решило барањето)/
(Nënshkrimi i personit zyrtar që e ka zgjidhur kërkesën)

(Дата на врачувањето) /
(Data e dorëzimit)

(Потпис на примателот на патната исправа) /
(Nënshkrimi i pranuesit të dokumentit të udhëtimit)

МЕСТО ЗА ТАКСА /
VENDI PËR TAKSË

Напомена:
Vërejtje:

Образецот се пополнува читливо, за точноста на податоците одговара подносителот
Formulari plotësohet lexueshëm, kurse për saktësinë e të dhënave përgjigjet parashtruesi.

Секоја злоупотреба на образецот е казнива.
Ç'do keqpërdorim i formularit dënohet.

ПРИЛОГ: 13

Преку ДКП ____________________

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
НАДЛЕЖНА ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА
НА **МВР**____________________

**БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ПАСОШ, ПАТЕН ЛИСТ И ЗА ИЗДАВАЊЕ ВИЗА**

Фотографија

| Примено: | | | |
|---|---|---|---|
| Број | Вредност | Такса | Прилог |
| | | | |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Презиме | |
| 2 | Име | |
| 3 | Ден, месец и година на раѓање | |
| 4 | Место на раѓање, општина (лице родено во странство ја запишува и државата) | |
| 5 | Матичен број | |
| 6 | Пол | |
| 7 | Државјанство | |
| 8 | Живеалиште, адреса на станот и број на личната карта | |
| 9 | Престој и адреса во странство | |
| 10 | Вид на патната исправа и држава во која патува (ако бара виза) | |
| 11 | Согласност од родителите-старателот за издавање на патна исправа и за издавање на виза за малолетно лице | |

| Презиме | Име | Сродство | Потпис |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |

____________200__ год.

во ____________________

____________________
(Потпис на подносителот на барањето)

ПРИЛОГ: 13

11. ПОПОЛНУВА СЛУЖБЕНОТО ЛИЦЕ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на патна исправа | | Виза | |
| Сериски број на патната исправа | | Број на визата | |
| Датум на издавање | | Датум на издавање | |
| Важи до | | Важи до | |

____________________
(Потпис на службеното лице што ја врачило патната исправа)

____________________
(Потпис на службеното лице што го решило барањето)

____________________
(Дата на врачувањето)

____________________
(Потпис на примателот на патната исправа)

МЕСТО ЗА ТАКСА

Напомена:
Образецот се пополнува читливо, за точноста на податоците одговара подносителот.
Секоја злоупотреба на образецот е казнива.

ПРИЛОГ: 14

Преку ДКП ____________________
Përmes PDK-së

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
НАДЛЕЖНА ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА НА **МВР**____________________
**MINISTRISË SË PUNËVETË BRENDSHME TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**
NJESI KOMPETENTE ORGANIZATIVE E **MPB-së**____________________

**БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ПАСОШ, ПАТЕН ЛИСТ И ЗА ИЗДАВАЊЕ ВИЗА**
**KËRKESË PËR DHËNIE TË PASAPORTËS SË PËRBASHKËT, FLETË UDHËTIMI DHE PËR DHËNIE TË VIZËS**

Фотографија
Fotografia

| Примено: / Pranuar: | | | |
|---|---|---|---|
| Број/ Numri | Вредност/ Vlera | Такса/ Taksa | Прилог/ Shtojcë |
| | | | |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Презиме / Mbiemri | |
| 2 | Име / Emri | |
| 3 | Ден, месец и година на раѓање / Dita, muaji dhe viti i lindjes | |
| 4 | Место на раѓање, општина (лице родено во странство ја запишува и државата) / Vendlindja dhe komuna (për të lindurit jashtë shtetit edhe shteti) | |
| 5 | Матичен број / numri i amzës | |
| 6 | Пол / Gjinia | |
| 7 | Државјанство / Shtetësia | |
| 8 | Живеалиште, адреса на станот и број на личната карта / Vendbadimi, adresa e banesës dhe numri i letërnjoftimit | |
| 9 | Престој и адреса во странство / Qëndrimi dhe adresa jashtë vendit | |
| 10 | Вид на патната исправа и држава во која патува (ако бара виза) / Lloji i dokumentit të udhëtimit dhe shteti në të cilin udhëton (nëse kërkon vizë) | |
| 11 | Согласност од родителите-старателот за издавање на патна исправа и за издавање на виза за малолетно лице / Pëlqim nga prindërit-kujdestari për dhënien e pasaportës si dhe dhënien e vizës për personat e mitur | |

| Презиме / Mbiemri | Име / Emri | Сродство / Farefisi | Потпис / Nënshkrimi |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |

Дата/Data ________200__

Во/Në ____________________

____________________
(Потпис на подносителот на барањето)
(Nënshkrimi i parashtruesit të kërkesës)

ПРИЛОГ: 14

11. ПОПОЛНУВА СЛУЖБЕНОТО ЛИЦЕ
E PLOTËSON PERSONI ZYRTAR

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на патна исправа / Lloji i dokumentit të udhëtimit | | Виза / Viza | |
| Сериски број на патната исправа / Numri serik i dokumentit të udhëtimit | | Број на визата / Numri i vizës | |
| Датум на издавање / Data e dhënies | | Датум на издавање / Data e dhënies | |
| Важи до / Vlen deri më | | Важи до / Vlen deri më | |

____________________
(Потпис на службеното лице што ја врачило патната исправа) /
(Nënshkrimi i personit zyrtar që e ka dorëzuar dokumentin e udhëtimit)

____________________
(Потпис на службеното лице што го решило барањето) /
(Nënshkrimi i personit zyrtar që e ka zgjidhur kërkesën)

____________________
(Дата на врачувањето) /
(Data e dorëzimit)

____________________
(Потпис на примателот на патната исправа) /
(Nënshkrimi i pranuesit të dokumentit të udhëtimit)

МЕСТО ЗА ТАКСА
VENDI PËR TAKSË

Напомена:
Vërejtje:

Образецот се пополнува читливо, за точноста на податоците одговара подносителот.
Formulari plotësohet lexueshëm, kurse për saktësinë e të dhënave përgjigjet parashtruesi.

Секоја злоупотреба на образецот е казнива.
Ç'do keqpërdorim i formularit dënohet.